Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр 02 - 421/1
Прилеп, 12. 03 2026 год.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА П.И.„ВИТАМИНКА“ АД ПРИЛЕП ВО ПЕРИОДОТ 01.01.2025 - 31.12.2025 ГОДИНА

*Содржина:*

**1. Основни податоци за друштвото**

**2. Управување со финансиски ризик**

**3. Инвестиции**

**4. Дивиденда**

**5. Финансирање**

**6. Големи зделки**

**7. Односи со поврзани субјекти**

**8. Акционерски капитал**

**9. Надоместоци на раководството**

**10. Финансиски извештаи и финансиски показатели**

**11. Трудова статистика**

**12. Собрание на акционери, орган на управување, оперативен тим**

**12.1. План за сукцесија**

**13. Корпоративна општествена одговорност**

**14. Осврт на органот на управување кон макроекономските состојби и состојбите во Друштвото**

## 1. Основни податоци за друштвото и поврзаните правни субјекти

**П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп**, е основана во 1956 година со Решение - рег.бр. 9/56, на тогашниот Окружен Стопански суд во Битола, како фабрика за производство на црвена пипер. Во текот на годините друштвото активно вложува во развојни проекти, значително го проширува сопствениот производен асортиман и бележи континуиран раст. Со Решение бр. 1485/98 од 20.10.1998 год. во Основниот суд Битола како регистарски суд е спроведена судска регистрација на „Витаминка“ како акционерско друштво, а во насока на усогласување со Законот за трговските друштва.

Со примената на законските прописи (Законот за централниот регистар и др. прописи) податоците за П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, од трговскиот регистар кој се водеше во Основниот суд во Битола, пренесени се во Централниот регистар на Р.М. Основните податоци за друштвото се следните:

- Единствен матичен број (ЕМБС) 4015215,
- Целосен назив на субјектот на упис: Прехранбена индустрија „Витаминка“ а.д. Прилеп,
- Седиште: ул. „Леце Котески“ бр. 23 - Прилеп,
- Вид на правното лице: 05.5 Акционерско друштво,
- Големина на деловниот субјект: Голем,
- Одговорност во правниот промет: За обврските створени во правниот промет со трети лица, друштвото одговара со сите свои средства,
- Датум на првична регистрација: 20.10.1998 год.
- Траење: Неограничено

ОСНОВНА ГЛАВНИНА:

- Основачки влог МКД: 248.770.775,00
- Основачки влог EUR: 4.049.000,00

  Уплатено во целост
- Број на акции: 76.720
- Вкупно акционери: 213

Во 2025 год. резервиран општествен капитал не постои.

Во 2025 год. бројот на акциите изнесува 76.720, од кои 2930 се сопствени акции на друштвото. Сите акции се обични со право на еден глас, со исклучок на сопствените акции за кои што мируваат правата. Номиналната вредност на поединечна акција изнесува 52,78 Евра.

Основната дејност на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп согласно НКД е: Производство на какао, чоколади и кондиторски производи, шифра: 10.82. Друштвото во Централниот регистар на Република Македонија има регистрирано и општа клаузула за бизнис.

Поврзани субјекти со П.И.„Витаминка“ АД Прилеп се следните правни лица:

**- Друштвото за производство, трговија и услуги ФАБРИКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА МАСЛО БРИЛИЈАНТ ДООЕЛ Штип,** основано на 28.05.2025 година, МБС 7851715, со

приоритетна дејност 10.410 според НКД – производство на масти и масла, во целосна (100%) сопственост на „Витаминка“ АД Прилеп.

- **Друштво за превоз, трговија и услуги В-РОУТЕ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп**, основано на 02.10.2017 година, ЕМБС 7236266, со приоритетна дејност 49.41 според НКД – товарен патен транспорт, на кое П.И.„Витаминка“ АД Прилеп е единствен сопственик. Преку ова друштво се одвива дистрибуцијата на производите на „Витаминка“ АД, но и се обезбедуваат транспортни услуги и за трети лица, што го прави друштвото самоодржливо. Друштвото е во целосна сопственост на „Витаминка“ АД Прилеп.

- Друштвото **„Ведрина-2“ ДОО Белград, Република Србија**, основано на 28.06.2003 година, ЕМБС 17418777, со приоритетна деност 46.31, според НКД во Р.Србија, трговија на големо со шеќер, чоколади и слатки, на кое П.И.„Витаминка“ АД Прилеп е единствен сопственик.

- **„Витаминка БГ“ ЕООД, Софија, Република Бугарија**, ЕМБС 202127272, со приоритетна дејност купопродажба на стоки и услуги, според НКД на Р.Бугарија, на кое П.И.„Витаминка“ АД Прилеп е единствен сопственик.

- **“VITAFOOD” SH.P.K. Приштина, Косово,** ЕМБС 811457804, со приоритетна дејност производство на прехранбени производи од областа на здравата храна и пакувањето на прехранбени производи. „Витаминка“ АД Прилеп е сопственик на 50% од капиталот на друштвото.

- Дополнително, П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп се појавува и како еден од основачите на **„Пакомак“ ДОО Скопје**, со удел во висина од 1/11 од основачкиот влог на друштвото.

- Во текот на 2017 година или поточно на 07.07.2017 година беше основано и **Здружението Женски РАКОМЕТЕН КЛУБ ДЕСПИНА Прилеп**, по барање на врвното раководство на „Витаминка“, од страна на повеќе физички лица вработени во П.И.„Витаминка“ АД Прилеп, а во согласност со Законот за здруженија и фондации.

## 2. Управување со финансиски ризик

### 2.1. Фактори на финансиски ризици

Деловните активности на Друштвото се изложени на различни ризици од финансиски карактер, вклучувајќи кредитен ризик и ризици поврзани со ефектите од промените во девизните курсеви и каматните стапки. Управувањето со ризици на Друштвото се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимализирање на потенцијалните негативни ефекти врз успешноста на деловното работење на Друштвото.

Управувањето со ризици на Друштвото го врши Одборот на директори врз основа на претходно одобрени писмени политики и процедури кои го опфаќаат целокупното управување

со ризици, како и специфичните подрачја, како што се ризикот од курсни разлики, ризикот од каматни стапки, кредитниот ризик, употребата на вложувањата и пласманите на вишокот ликвидни средства.

### 2.2. Кредитен ризик

Кредитен ризик е ризик од финансиска загуба на Друштвото доколку корисникот или договорната страна на финасискиот инструмент не успее да ги исполни своите договорни обврски. Кредитниот ризик настанува од побарувања од купувачи, депозити во банки и парични средства и парични еквиваленти.

Изложеноста на Друштвото на кредитен ризик е под влијание од страна на индивидуални карактеристики на секој клиент. Друштвото има воспоставени политики, за да се осигура дека продажбата на стоки и услуги е извршена на корисници со соодветна кредитна историја, односно Друштвото има воспоставени политики според кои кредибилитетот на секој дилер и клиент со поголеми нарачки е анализиран пред потпишување на договорот, додека малопродажбата целосно е однапред планирана.

Кај Друштвото не постои материјално значајна концентрација на кредитен ризик поради големиот број на клиенти и нивните различни профили кои се во различни индустрии и географски региони.

### 2.3. Ризик од ликвидност

Претпазливо управување со ризик од ликвидност имплицира одржување на доволно готовина и ликвидни хартии од вредност, потоа расположливост на извори на средства преку соодветно обезбедување на кредити и можност за навремена наплата на износите на побарувања од купувачи во рамките на договорените услови. Како резултат на динамичниот карактер на дејноста на Друштвото, Раководството настојува да обезбеди флексибилни извори на средства преку расположливи кредитни линии. Изворите на финансиски средства како дополнителни извори за обртен капитал за секојдневната работа на друштвото и од сопствените извори на такви средства (од остварената годишна добивка и од издвоените средства од амортизацијата), континуирано се намалуваат.

### 2.4. Пазарни ризици

Пазарен ризик е ризик од промени во пазарни цени, курсевите на странските валути и каматните стапки кои имаат влијае на приходите на Друштвото или на вредноста на финансиските инструменти. Целта на управување со пазарен ризик е управување и контрола на изложеноста на пазарен ризик во прифатливи рамки и оптимизирање на поврат на средствата.

**Ризик од курсни разлики**

Друштвото има деловни активности на меѓународните пазари и е изложено на ризик од курсни разлики кој се јавува од изложеноста кон различни валути, посебно во однос на Еврото и Доларот. Друштвото не користи инструменти за обезбедување од ризик од курсни

разлики. Раководството на Друштвото е одговорно за одржување на соодветна нето позиција за секоја валута поединечно, како и вкупно за сите валути.

Ризик од каматни стапки врз паричните текови и објективната вредност

Друштвото е изложено на ефектите на флуктуациите на пазарните каматни стапки врз неговата финансиска состојба и паричните текови. Раководството на Друштвото е во најголема мерка одговорно за дневно следење на состојбата на ризикот од нето каматни стапки и одредува лимити за намалување на потенцијалот од каматна неусогласеност. Постои значителна концентрација на позајмици со камата од локални финансиски институции на денот на известување. Флуктуациите во пазарните каматни стапки, според кои средствата се позајмени, може да имаат неповолен ефект врз успешноста во финансирањето на Друштвото. Во исто време, Друштвото нема значителни пласирања на своите средства во орочени депозити, кои носат дополнителен приход од камата.

### 2.5. Ризик при управување со капитал

Целите на Друштвото при управување со капиталот се овозможување на Друштвото да продолжи со своите деловни активности според принципот на континуитет со цел да обезбеди приход за акционерите и бенефиции за други заинтересирани лица, како и да одржи оптимална структура на капиталот со цел намалување на трошокот на капиталот.

Со цел да се одржи или прилагоди структурата на капиталот, Друштвото може да изврши корекција на износот на дивиденди исплатени на акционерите, да врати капитал на акционерите, да издаде нови акции или да продаде средства за да го намали долгот.

## 3. Инвестиции

Во 2025 година беа ставени во функција инвестиции во износ од 8.181.917,00 ЕВРА. Овие инвестиции се реализирани преку земени долгорочни кредити од банки и со користење на сопствени извори, остварениот позитивен финансиски резултат и годишната амортизација.

| ИНВЕСТИЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| | 2025 г | 2024 г | Раст / Пад |
| | МКД | МКД | % |
| Нематеријални средства | 14,601,645 | 14,119,344 | +3% |
| Земјишта и градежни објекти | 24,700,869 | 28,620,836 | -13% |
| Опрема | 449,480,620 | 140.823.660 | +220% |
| Долгорочни вложувања | 14,404,808 | 20,299,359 | -29% |
| ВКУПНО | 503,187,942 | 203.863.199 | +147% |

## 4. Дивиденда

На 28.05.2025 година, на Годишното собрание на акционери, е донесена одлука за распределба на дел од нето добивката за исплата на дивиденда.Висината на дивидендата изнесува 29.516.000,00 денари бруто, односно 400,00 денари бруто по акција. Оваа одлука претставува потврда на стабилната финансиска позиција и континуитетот во создавање вредност за акционерите.

## 5. Финансирање

Преглед на обврски по долгорочни и краткорочни позајмици по доспеаност во илјади мкд:

| | *2024* | *2025* |
|---|---|---|
| **Долгорочни позајмици со камата и обврски по финансиски наем** | | |
| Про Кредит Банка, Скопје | 182,458 | 201,595 |
| Комерцијална Банка, Скопје | 983,071 | 1,116,879 |
| НЛБ Банка | 28,715 | 80,320 |
| Стопанска Банка Скопје | 10,459 | 38,871 |
| Шпаркасе Банка, Скопје | 51,767 | 27,146 |
| **Вкупно долгорочни позајмици** | **1,256,469** | **1,464,810** |
| Намалено за: тековна доспеаност | -316,713 | -221,694 |
| **Долгорочен дел** | **939,756** | **1,243,117** |
| | | |
| **Краткорочни позајмици со камата и обв.по фин.наем** | | |
| Комерцијална банка во илјади денари | 14,761 | 0 |
| Шпаркасе банка во илјади денари | 134,809 | 167,162 |
| НЛБ банка во илјади денари | 56,832 | 39,458 |
| Шпаркасе лизинг | | |
| Стопанска Банка АД Скопје | 99,447 | 63,957 |
| Обврски по кредитни картички со варијабилна каматна стапка | 337 | 375 |
| **Вкупно краткорочни позајмици** | **306,186** | **270,953** |
| Тековна доспеаност на долгорочни позајмици со камата | 316,713 | 221,694 |
| **Краткорочни позајмици и тековно доспев.на долгор.поз,** | **622,899** | **492,647** |
| **Сé вкупно позајмици и фин.наем** | **1,562,655** | **1,735,763** |
| ***Во илјади ЕУР*** | ***25,409*** | ***28,224*** |

## 6. Големи зделки

Во 2025 година не се склучени големи зделки согласно членовите 455 и 456 од Законот за трговските друштва.

## 7. Односи со поврзани субјекти

Трансакциите со поврзаните друштва се извршени во согласност со тековните пазарни услови, цени и каматни стапки. Следната табела ги прикажува обемот и салдата од

трансакциите со поврзаните субјекти со состојба за годината која завршува на 31 декември 2025 година.

| 2025 (во денари) | Побарувања | Обврски | Приходи | Расходи |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| Витаминка БГ ЕООД Софија | 6,832,637 | 302,883 | 34,628,853 | 3,841,693 |
| Ведрина 2 ДОО Белград | 11,874,161 | 42,658,711 | 3,461,216 | 91,313,008 |
| В-роуте | 2,719,314 | 60,459,794 | 3,375,132 | 150,563,979 |

## 8. Акционерски капитал

На 31 декември 2025 година регистрираниот акционерски капитал на Друштвото изнесува 248,771 илјади МКД. Истиот е поделен на 76,720 запишани и во целост платени обични акции, од кои 73790 акции даваат право на глас и дивиденда, додека правата од стекнатите сопствени акции мируваат во согласност со закон.

На 31.12.2025 год. друштвото имаше стекнато вкупно 2930 сопствени акции во согласност со Одлуката на Собрание на акционери со арх.бр. 02-693/10 на седницата одржана на 28.05.2025 година,. и врз база на претходните одлуки. Истовремено со оваа одлука, беше донесена и Одлука за отуѓување сопствени акции бр. 02-693/11 од 28.05.2025 год., а со цел, доколку за тоа се создаде можност, да изврши отуѓување или поништување на акциите во нареден период, во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва. Инаку, може да се констатира дека сите акции се стекнати согласно член 333 од Законот за трговските друштва и не беше евидентирано никакво отстапување од законските рамки. Процесот на стекнување сопствени акции со откуп согласно споменатата одлука може да продолжи најдоцна до 27.05.2026 година заради тоа што истата има важност од најмногу 1 (една) година согласно закон. Причините за стекнувањето сопствени акции со откуп би можеле да се лоцираат во настанатите поврзувања, присоединувања, спојувања и поделби на друштва во регионот, а пред сѐ влијанието на одредени поголеми трговски ланци во делот на производството и продажбата на храна. Од нивна страна беа купени повеќе помали конкурентски друштва, со чие присоединување настана реална опасност да се монополизира пазарот и да се преземат разни активности за уништување или нанесување штети на останатите конкуренти на пазарите во регионот.

## 9. Надоместоци на раководството

На раководството на Друштвото во 2025 година вкупно се исплатени 46.689.327,00 денари.

**10. Финансиски извештаи и финансиски показатели**

**10.1. Поединечни финансиски извештаи**

Во продолжение се презентира билансот на состојбата и успехот за 2025 година:

***Биланс на состојба:**

| | **31 декември 2024 000 МКД** | **31 декември 2025 000 МКД** |
|---|---|---|
| Нетековни средства | 1,472,894 | 1,298,113 |
| Нематеријални средства | 11,908 | 17,981 |
| Вложувања во подружници | 113,263 | 461,696 |
| Финансиски средства расположливи за продажба | 296,453 | 308,498 |
| Финансиски побарувања | | |
| | **1,894,518** | **2,086,288** |
| Тековни средства | | |
| Залихи | 828,293 | 710,537 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 720,991 | 1,006,461 |
| Побарувања за данок од добивка | | |
| Парични средства и еквиваленти | 31,018 | 25,182 |
| | **1,580,302** | **1,742,180** |
| **Вкупно средства** | **3,474,820** | **3,828,468** |
| | | |
| Капитал и обврски | | |
| Капитал | | |
| Акционерски капитал | 248,771 | 248,771 |
| Резерви | 535,537 | 565,987 |
| Акумулирани добивки | 476,770 | 448,961 |
| | **1,261,078** | **1,263,719** |
| Обврски | | |
| Нетековни обврски | | |
| Позајмици | 939,756 | 1,243,116 |
| | **939,756** | **1,243,116** |
| Тековни обврски | | |
| Позајмици | 622,889 | 492,649 |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 634,970 | 810,397 |
| Обврска за данок на добивка | 16,128 | 18,587 |
| | **1,273,987** | **1,321,633** |
| **Вкупно обврски** | **2,213,743** | **2,564,749** |
| **Вкупно капитал и обврски** | **3,474,821** | **3,828,468** |

***Биланс на успех:**

| | Годината што завршува на | |
|---|---:|---:|
| | 31-Dec | 31-Dec |
| | 2024 | 2025 |
| | 000 МКД | 000 МКД |
| Приходи од продажба (приходите од продажба се намалени за дадените рабати на купувачите) | 3,461,070 | 4,345,420 |
| Останати деловни приходи | 81,320 | 147,742 |
| Набавна вредност на продадени стоки | -16,118 | -257,090 |
| Материјали, енергија и резервни делови | -2,285,276 | -2,504,701 |
| Трошоци за користи на вработените | -570,569 | -582,271 |
| Амортизација и депрецијација | -126,760 | -122,994 |
| Останати деловни трошоци | -421,271 | -831,525 |
| Промени на залихите на готови производи | 2,592 | -144,487 |
| **Добивка од оперативно работење** | **124,988** | **50,094** |
| Финансиски приходи | 20,792 | 44,334 |
| Финансиски расходи | -73,533 | -54,360 |
| Финансиски (расходи), нето | -52,741 | -10,026 |
| **Добивка пред оданочување** | **72,247** | **40,068** |
| Данок на добивка | **-6,365** | **-1,995** |
| **Нето добивка за годината** | **65,882** | **38,073** |
| **Останата сеопфатна добивка за годината:** | **106,366** | **-2,360** |
| Промена на објективната вредност на финансиските средства расположливи за продажба | | |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | **172,248** | **35,713** |

- *Финансиски показатели:*

  - Оперативна профитна маржа пред амортизација – ЕБИТДА:
  - Во 2025 год. ЕБИТ ДА изнесува 3.67%.
  - Оперативна профитна маржа по амортизација – ЕБИТ:
  - Во 2025 год. ЕБИТ изнесува 1,06%.

Остварените показатели согласно одредбите од горенаведените договори се следните:

2025

| | |
|---|---|
| а. Тековни обврски по долгорочни кредити во однос на ЕБИТДА | 1.80 |
| б. Нето финансиско задолжување во однос на ЕБИТДА | 10.03 |
| ц. Степен на финансиска сигурност | 33.01 |

## 10.2. Консолидирани финансиски извештаи

### Биланс на состојба

| | 31 декември 2024 000 МКД | 31 декември 2025 000 МКД |
|---|---|---|
| Нетековни средства | 1,542,646 | 1,737,548 |
| Нематеријални средства | 12,251 | 18,219 |
| Вложувања во подружници | 62,247 | 62,247 |
| Финансиски средства расположливи за продажба | 234,860 | 246,904 |
| Финансиски побарувања | | |
| | **1,852,004** | **2,064,918** |
| Тековни средства | | |
| Залихи | 829,649 | 857,365 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 737,056 | 1,055,132 |
| Побарувања за данок од добивка | | |
| Парични средства и еквиваленти | 38,262 | 31,201 |
| | **1,604,967** | **1,943,698** |
| Вкупно средства | **3,456,971** | **4,008,616** |
| Капитал и обврски | | |
| Капитал | | |
| Акционерски капитал | 249,094 | 249,094 |
| Резерви | 537,545 | 569,130 |
| Акумулирани добивки | 472,896 | 415,280 |
| | **1,259,535** | **1,233,504** |
| Обврски | | |
| Нетековни обврски | | |
| Позајмици | 958,016 | 1,281,105 |
| | **958,016** | **1,281,105** |
| Тековни обврски | | |
| Позајмици | 628,897 | 498,601 |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 589,336 | 987,056 |
| Обврска за данок на добивка | 21,187 | 8,350 |
| | **1,239,420** | **1,494,007** |
| Вкупно обврски | **2,197,436** | **2,775,112** |
| Вкупно капитал и обврски | **3,456,971** | **4,008,616** |

## Биланс на успех

| | Годината што завршува на | |
|---|---|---|
| | 31-Dec | 31-Dec |
| | 2024 | 2025 |
| | 000 МКД | 000 МКД |
| Приходи од продажба (приходите од продажба се намалени за дадените рабати на купувачите) | 3,500,742 | 4,393,915 |
| Останати деловни приходи | 110,273 | 189,799 |
| Набавна вредност на продадени стоки | -9,090 | -247,659 |
| Материјали, енергија и резервни делови | -2,319,029 | -2,916,573 |
| Трошоци за користи на вработените | -631,189 | -649,353 |
| Амортизација и депрецијација | -147,121 | -169,956 |
| Останати деловни трошоци | -341,024 | -508,726 |
| Промени на залихите на готови производи | 2,592 | -31,666 |
| **Добивка од оперативно работење** | **166,154** | **59,781** |
| Финансиски приходи | 8,368 | 12,655 |
| Финансиски расходи | -74,227 | -55,650 |
| Финансиски (расходи), нето | -65,859 | -42,995 |
| **Добивка пред оданочување** | **100,295** | **16,786** |
| Данок на добивка | **-10,293** | **-6,852** |
| **Нето добивка за годината** | **90,002** | **9,934** |
| **Останата сеопфатна добивка за годината:** | **106,366** | **-2,360** |
| Промена на објективната вредност на финансиските средства расположливи за продажба | | |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | **196,368** | **7,574** |

-Остварените показатели согласно одредбите од горенаведените договори се следните:

| | 2025 |
|---|---|
| a. Нето финансиско задолжување во однос на ЕБИТДА | 7.75 |
| b. Степен на финансиска сигурност | 30.77 |

### 10.3. Независна надворешна ревизија

Со одлука донесена на Годишното собрание на акционери одржано на 28.05.2025 година, за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на П.И.„Витаминка" А.Д. Прилеп, за годината што завршува на 31.12.2025 год., согласно Меѓународните сметководствени стандарди, се избра овластеното ревизорското друштво „Грант Торнтон" ДОО Скопје. Ревизорското друштво, во целост, согласно со ревизорските стандарди и процедури, одговори на барањето на друштвото за понуда за извршување на предметниот вид услуги и истите со успех ги реализираше. Со ревизорското друштво е остварувана долгогодишна соработка, во рамките на која од двете страни биле целосно и квалитетно испочитувани преземените обврски. Од друга страна, станува збор за еминентно ревизорско друштво, со соодветна кадровска и материјална екипираност, за максимално стручно извршување на доверената задача. Освен наведените услуги, „Витаминка" АД и надворешниот ревизор не реализираа дополнителни услуги што излегуваат од наведените рамки.

## 11. Засегнати лица

### 11.1. Трудова статистика

Трудовата статистика на П.И.„Витаминка" АД - Прилеп ги интегрира различните аспекти на работењето поврзани со менаџментот на човечките ресурси, следење на бројот на вработени, половата, образовната, националната структура, просечната старост на работниците во организацијата, следење на боледувањата и сл.

На ден 31.12.2025 год. во ПИ „Витаминка" работеле вкупно 646 работници, просечниот број на вработени во тековната на 2025 год. е 633 работници, од кои процентуално изразено, на неопределено време се 76%, а на определено време 24% од вкупниот број на вработени.

Правејќи споредба и анализа на просечен број вработени во временски интервал од 2015 год. до 2025 год., може да констатираме дека просечниот број на вработени во 2025 год. изнесува 633 работници (само во „Витаминка" АД Прилеп без поврзаните друштва), од кои просечен број на неопределено време се 482 работници, а просечен број на работници на определено време се 151 лица. Просечниот број вработени во текот на 2024 год. изнесува 658 лица, а во текот на 2023 год. просечниот број изнесува 634 лица. Просечниот број вработени во 2022 год. изнесува 628 лица, во текот на 2021 год. просечниот број на вработени изнесувал

649 лица, за разлика од 2020 год. каде просечниот број е за 26 лица повеќе и изнесувал 675 просечно вработени лица. Кога се прави споредба на просечно вработени на неопределено време може да се заклучи дека во текот на 2021 год. овој број во просек изнесувал 430 лица, за разлика од 2020 год. каде што овој број исто така е поголем за 13 лица и во просек во текот на годината изнесувал 443 лица. Вработени на определено време во текот на 2021 год. во просек имало 219 лица, за разлика од 2020 год. каде овој број е 232 лица.

На ден 31.12.2025 год. во ПИ „Витаминка", 332 лица се од женски пол, а останатите 313 лица се од женски пол, процентуално тоа би било 51% застапеност на женска популација, а останатите 49% застапеност на машка популација.

Во текот на 2025 год. се бележат 102 нови вработувања, од кои најголем број се повторни вработувања на лица што работеле и претходно во друштвото на определено време, но заради дисконтинуитетите во процесите на работа, на лицата времено им престанувал работниот однос, а потоа повторно биле ангажирани во процесите на работа. Најголем број од вработувањата се реализирани во Техничкиот сектор на друштвото.

Во однос на одливот на кадар во рамките на друштвото, по различни основи, на 70 лица им прстанал работниот однос во тековната година.

Од аспект на образовната структура на друштвото, 56% од вкупниот број на вработени доминираат со завршено четиригодшно средно образование, 22% од вработените имаат завршено високо образование, додиплимски студии. Мал процент од вработените односно 0,46% имаат и докторски студии.

Друштвото во континуитет спроведува обуки за вработените, а согласно со Планот за обуки кој се изработува за секоја деловна година. Во споменатиот План за обуки на вработените е применет секторскиот принцип, на начин што одговорните лица на секоја организациона единица предлагаат обуки за тој дел, а Одборот на директори конечно го одобрува ваквиот план, како сегмент кон годишниот План за работа на друштвото во тековната година.

Во изминатата 2025 година континуирано се спроведуваа активностите поврзани со развојот на човечките ресурси. Особено важно е тоа што во друштвото и понатаму продолжија да се негуваат различните практики за мотивација на вработените и подобрување на условите за работење. За 2025 година беа доделени јубилејни награди во согласност со закон и колективен договор. ПИ „Витаминка" доделува и стипендии на студенти на Електро-техничкиот и Машинскиот факултет (сите при УКИМ). Паралелно, сосема успешно се спроведуваат активностите поврзани со дуалното стручно образование со ученици од Средното општинско училиште „Р.Ристески Ричко" во Прилеп на профилот Техничар за индустриска мехатроника, во соработка со Делегацијата на германското стопанство во Северна Македонија. Во овој момент вкупно четиринаесет ученици веќе посетуваат практична настава во просториите на друштвото, а истата ја спроведуваат специјално обучени и сертифицирани ментори. Во текот на 2025 год. имаме воведено новини од аспект на човечки ресурси и тоа доделување на пакет производи за секое новороденче на наш вработен и доделување на ваучер за бела техника за секој еден склучен брак. ПИ „Витаминка" на своите вработени им ги честита родендените со испраќање на СМС роденденска честитка.

### 11.2. Резиме за соработка со засегнати лица

Одборот на директори со внимание ги следеше потребите и интересите на главните засегнати лица на друштвото (вработени, купувачи, добавувачи, државни органи и локалните заедници), при извршувањето на своите должности во 2025 година, а особено влијанието на конкретните одлуки и активности врз нив. Во таа смисла, во текот на деловната 2025 година, Генералниот извршен директор ги презеде сите потребни мерки и активности за обезбедување редовна и квалитетна комуникација со засегнатите лица, за што, на редовна основа, ги информираше членовите на Одборот на директори. Во комуникацијата со вработените, Генералниот извршен директор и останатите раководни лица од Оперативниот тим со делегирани надлежности во тој дел, оствариja многубројни средби со поединци и групи, при што беа преземени низа мерки и активности за подобрување на условите за работа, обезбедување финансиска и друга помош за вработените и членови на нивни семејства, идентификување на евентуалните слабости на системот и посредување во надминување на евентуалните проблеми во работењето. Поставени се и посебни кутии за поплаки и пофалби од вработени на видни места во фабриките, а сите доставени барања или пофалби беа со внимание разгледани и беше постапено во правец на решавање на проблемите. Со купувачите и добавувачите во текот на 2025 година се одржуваше исклучително високо ниво на комуникација на дневна основа. Позначајни проблеми не беа евидентирани и покрај економските и другите предизвици кои ги имаа компаниите во државата и ширум светот. Во согласност со ИСО стандардите кои ги применува компанијата, беа спроведени опсежни оценувања на добавувачите и согласно утврдените критериуми беа донесувани одлуките за продолжување на соработката. Одделните организациони единици (продажните сектори, секторот за контрола на квалитетот, секторот за набавки, секторот за правни и општи работи, но и службата за стандарди) беа особено посветени на комуникацијата со купувачите и добавувачите, а тековните проблеми беа решавани со взаемно разбирање и во рамките на договорите за деловна соработка. Она што треба да се истакне е исклучително малиот број пријави од купувачи и добавувачи околу испораките, квалитетот и соработката. Кон секоја пријава се постапува во согласност со утврдените процедури дел од ИСО 9001. Исто така, комуникацијата со државните органи и локалните заедници беше секојдневна и течеше без проблеми. Не се евидентирани казни и / или забрани од домашни или странски органи. Имено, во текот на годината беа реализирани бројни надзори од страна на инспекциски тела, при што не беа евидентирани позначајни отстапувања, ниту беа изречени казни и/или мерки. Доминантно, активностите на тој план се одвиваа преку секторот за правни работи и човечки ресурси, финансискиот сектор и развојниот сектор.

## 12. Собрание на акционери, орган на управување, оперативен тим

Имајќи го предвид фактот дека станува збор за сложена организација - акционерско друштво, односно за голем деловен субјект, во друштвото воспоставена е и успешно функционира широко разгранета организациона структура. На врвот на организационата структура се наоѓа Собранието на акционери кое го претставуваат вкупно 214 акционери со право на глас и таа состојба е променлива. Во текот на 2025 година, беше одржано едно Годишно Собрание на акционери. Годишното Собрание на акционери се одржа со физичко присуство на 28.05.2025 година и на истото се одлучуваше по четиринаесет точки на дневниот ред. Собранието се одржа без никакви проблеми во работењето.

Во текот на целата 2025 година беа одржани вкупно 8 /осум/ седници на Одборот на директори, на кои беа донесени и спроведени вкупно 38 одлуки и повеќе други акти. Бројот на одржани седници на Одборот на директори на П.И.„Витаминка" А.Д. Прилеп и воопшто активноста на Одборот на директори во 2025 година е во согласност со членот 373-а од Законот за трговските друштва. Речиси сите седници на Одборот на директори се одржаа во полн состав, со исклучок на три седници на кои на седницата учествуваа четири лица.

На Годишното Собрание на акционери одржано на 28.05.2025 година, беше одобрена работата на сите членови на Одборот на директори во претходната деловна година: Симон Наумоски - Претседател (неизвршен член), Сашо Наумоски - Генерален извршен директор (извршен член), Благоја Ѓорѓијовски - Неизвршен член, Горан Трајковски – Независен неизвршен член и Маја Кадиевска Војновиќ – Независен неизвршен член. Друштвото активно работи на тоа да обезбеди поголемо учество или застапеност на жени членови во органот на управување.

Во П.И.„Витаминка" а.д. Прилеп во 2025 година функционираа вкупно 10 (десет) сектори и тоа: Технички сектор, сектор за Набавки и логистика, Продажен сектор 1 - Република Македонија (продажба на домашен пазар), Продажен сектор 2 - Република Србија (продажба во Р.Србија), Продажен сектор 3 - останат свет (продажба во странство без Р.Србија), сектор за Правни работи и човечки ресурси, сектор за Финансии, сектор за Контрола на квалитетот, сектор за Развој и сектор Маркетинг. На чело на секој сектор е поставен директор, со исклучок на секторот Маркетинг за кој формално не е именуван директор и овластувањата се директно кај Генералниот извршен директор. Во рамките на секторите се организирани и функционираат служби и работни единици. Директорите на секторите се членови на Оперативниот тим на „Витаминка". Во текот на годината беа одржани повеќе состаноци на Оперативниот тим, на кои што беа разгледувани актуелните случувања во друштвото, проблемите поврзани со економската и енергетската криза и беа разгледувани активностите поврзани со исполнувањето на стратешките цели на друштвото.

Во текот на месец мај 2025 година беше основано Друштвото за производство, трговија и услуги ФАБРИКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА МАСЛО БРИЛИЈАНТ ДООЕЛ Штип, во целосна (100%) сопственост на Прехранбена индустрија „Витаминка" АД Прилеп, на начин што имотот во функција на таа фабрика, премина во нејзина сопственост.

Во друштвото се определени три нивоа на менаџмент и тоа: ниско, средно и високо ниво на менаџмент, со прецизно определени права и одговорности во работењето.

Процесот на донесување одлуки во друштвото е крајно транспарентен и истиот го сочинуваат следните активности: идентификување на проблем, анализирање на проблем, развивање на алтернативни решенија, избор на најдобрата солуција, претворање на одлуката во акција и следење на преземените активности.

Во рамките на органот на управување се формирани и функционираат: Комисија за ревизија и Комисија за избор, именување и наградување. Основната задача на овие комисии е помагање во извршувањето на задачите на Одборот на директори. За вршењето на активностите беше донесен посебен Деловник за работа на комисиите. Во двете формирани комисии има по тројца членови. Во Комисијата за ревизија членови се лицата: Благоја Ѓорѓијовски, неизвршен член на Одборот на директори, претседател на комисијата; Маја Кадиевска-Којновиќ, независен неизвршен член на Одборот на директори, член на комисијата и Горан Трајковски, независен неизвршен член на Одборот на директори, член на комисијата. Во Комисијата за избор, именување и наградување, членови се лицата: Симон Наумоски, неизвршен член на Одборот на директори, претседател на комисијата; Горан Трајковски, независен неизвршен член на Одборот на директори, член на комисијата и Маја Кадиевска-Којновиќ, независен неизвршен член на Одборот на директори, член на комисијата. Комисијата за ревизија има одговорност да врши надзор на управувањето со ризиците на друштвото и внатрешната контрола, финансиското известување и работата на надворешниот ревизор, додека Комисијата за избор, именување и наградување, има одговорност да го надгледува изборот и именувањето на членовите на одборот на директори, но и да врши надзор во делот на наградувањето на извршниот член на органот на управување. Комисиите заседаваа по однос на прашања од нивниот делокруг и за нивните активности се обезбедени соодветни записи, доставени до органот на управување.

### 12.1. План за сукцесија на Одборот на директори

Со оглед на фактот што 2026 година е изборна година за членови на Одборот на директори на друштвото, постоечкиот состав на Одборот на директори, во согласност со барањата на Кодексот за корпоративно управување (т. 2.17) имаше задача да утврди соодветен план за сукцесија. Иако упатувањето е дека планот треба да се фокусира на неизвршните членови на Одборот на директори, во едностепениот систем на управување, сепак, планот го опфаќа целиот состав на органот.

Континуитет во функционирањето на Одборот на директори, во основа, се обезбедува со чинот на реизборот на тројца од вкупно пет негови членови. Всушност, промената ќе вклучува замена на постоечките двајца независни неизвршни членови со нови двајца членови на нивното место, како и замена на еден од неизвршните членови со нов, целосно почитувајќи ги највисоките законски барања и барањата поврзани со корпоративното управување.

За да се спроведе потребната сукцесија на Одборот на директори, друштвото ќе ги преземе следните активности:

- Ќе изврши претходно испитување на сите околности поврзани со исклучување на евентуална спреченост на некој од потенцијалните кандидати за членови на органот на управување, да можат да бидат членови на Одборот на директори, а особено од аспект на членовите 29-а и 29-б, но и други применливи одредби, од Законот за работните односи. Со оваа постапка ќе се превенира опасноста од можно незапишување на новиот состав на Одборот на директори во Централниот регистар на Р.С.М. Испитувањето ќе се изврши преку пополнување прашалници со изјава од страна на потенцијалните кандидати, но и претходно испитување на околностите од страна на службите во друштвото;
- Ќе изврши претходно информирање на идните членови на Одборот на директори за вкупниот ангажман во органот на управување во периодот на изборот, а особено од аспект на потребата за нивна достапност на месечно и годишно ниво, сѐ во функција на обезбедување континуитет во одлучувањето;
- Ќе се утврди листа на дополнителни кандидати како можност за брза замена во случај на: проблем во запишување, отповикување пред истекот на времето за кое биле избрани, оставка или други случаи на престанок на мандатот;
- На потенцијалните кандидати ќе им бидат доставени најважните документи за функционирањето на друштвото и органот на управување, како Статут, Деловник за работа на органот на управување и друго, најдоцна 45 (четириесет и пет денови) пред нивниот официјален избор на претстојното собрание на акционери. Потенцијалните кандидати ќе бидат повикани и лично да побараат дополнителни информации за работењето на друштвото, уште во периодот на номинација. Потенцијалните кандидати ќе бидат упатени на основните одредби од Законот за трговските друштва и Кодексот за корпоративно управување во делот на правата, обврските и одговорностите на членовите на органот на управување во друштвото;
- Потенцијалните кандидати за членови на Одборот на директори ќе бидат поканети да присуствуваат на седницата на Собранието на акционери, на која се врши нивниот избор, а заради запознавање со работата на највисокиот орган и евентуалната потреба од презентирање на одредени биографски и други податоци пред акционерите и нивните полномошници;
- До одржувањето на конститутивната седница на Одборот на директори, друштвото ќе ги обезбеди и другите поважни акти за работењето на друштвото, а особено извештаите на Одборот на директори и некои поважни одлуки, а во функција на запознавање со начинот на функционирање на друштвото, организацијата на работа на друштвото во целина, но и на органот на управување;
- Потенцијалните кандидати ќе бидат информирани за започнатите проекти или проектите што перспективно треба да се реализираат на основа на претходно

донесени одлуки на Одборот на директори, а заради потребата да се обезбеди континуитет во работењето и истите да бидат квалитетно завршени. На потенцијалните кандидати ќе им бидат ставени на располагање сите потребни документи во врска со предметната работа;

- Потенцијалните членови на Одборот на директори ќе бидат информирани за потребата навремено да го најавуваат сопственото отсуство од закажаните седници на Одборот на директори, а доколку постои потреба за едногласно одлучување, тогаш, одлучувањето може да биде со кореспонденција или со одржување седници по електронски пат;
- Друштвото ќе обезбеди заедничка конститутивна седница на членовите на Одборот на директори од претходниот состав и членовите на Одборот на директори од новиот состав, а заради пренесување на знаењата, искуствата и преземените обврски во поглед на управувањето и надзорот.

Овој план за сукцесија ќе започне да се применува најдоцна 45 дена пред денот на одржувањето на седницата на Собранието на акционери, на која што треба да се пристапи кон избор на новите членови на Одборот на директори. За членовите за кои што се врши реизбор нема да се спроведуваат активностите поврзани со повторно доставување на актите на друштвото и информирање за рабтоењето на Одборот на директори во претходниот мандат.

**13. Корпоративна општествена одговорност**

Општествената одговорност е веќе години наназад дел од самата суштина и стратешка определба на Витаминка. Ангажираниот однос кон заедницата е интегриран и претставува суштински дел од плановите за развој или од секојдневното работење на компанијата. Преку активностите што ги спроведуваме или ги поддржуваме, ја демонстрираме нашата искрена грижа за заедницата, за подобрување на условите во различни општествени сегменти и за создавање еднакви можности за сите.

Одговорноста што како една од најголемите компании во земјава ја имаме, ја демонстрираме во повеќе области, здравство, спорт, социјална еднаквост, култура, поп култура. Некогаш фокусот на нашето внимание е цела група граѓани, а некогаш тоа се поединци, индивидуалци кои имаат потреба од ургентна помош или пак се истакнел со некој значаен подвиг и на тој начин го заслужува внимание на Витаминка.

Филантропијата е во суштината на нашата корпоративна општествена одговорност. Посебен дел од тоа е грижата за оние што се во социјално неповолна ситуација. Покрај издвоени донации и помош, што како компанија ја даваме, исто така го поддржавме проектот на „Еурохуман Интернационал", чија цел е да помогне во рамноправна распределба на вишокот храна. Како општествено одговорна компанија го донираме вишокот храна што сѐ уште е во добра состојба и е безбедна за употреба. Ваквата практика ќе доведе до намалување на состојбата со недоволната исхранетост во државата и намалување на

недостатокот од храна. Но, исто така преку примерот на компаниите и индивидуалците вклучени во проектот, ќе придонесе и за зголемување на свеста на населението за одговорно однесување кон своите сограѓани. „Витаминка" ја доставува храната соодветно стандардите и правилата за транспорт, договорено според препораките од носителот на проектот, а тие понатаму храната ја доставуваат до корисниците односно оние на кои им е потребна помош. Индиректно дистрибуираната храна завршува кај повеќе социјално загрозени граѓани на територијата на Република Македонија, соседно Косово и БиХ.

Исто така, нашиот придонес е голем и во спортот со бројни активности, преку кои поддржуваме различни спортски активности од екипен, па сè до индивидуални спортови. Една од активностите со кои посебно се гордееме е нашата грижа за локалниот спорт и за заживување на спортскиот дух во градот и посебно кај младите. Така, нашата компанија, како основач на Ракометниот клуб Деспина се грижи и ги обезбедува сите потребни услови за непречено тренирање и активно учество на членовите во клубот во своите лиги (кадетска и сениорска).

Во спортот, редовно се вложува во спортски активности од различен тип, екипен, поединечен, зимски или летни. Некогаш тоа се веќе докажани и афирмирани спортисти кои понатаму ги промовираат нашите брендови а некогаш тоа се спортски активности во подем.

Во текот на 2025 година ги поддржавме: Здружение Џудо клуб „СЕИШИН" од Прилеп, Џудо федерација на Македонија, Македонска тениска федерација, Пливачка школа Аквашампион Струга, Че трчаме Прилеп, Мото клуб Рисови Прилеп, С.К. Офф Роад Прилеп, Фудбалски сојуз на Македонија, Еурека Денс хип хоп, Сноу Спорт клуб Маврово, Про Бокс Македонија Прилеп, Клуб за подводни дејности Охрид.

Како вистински поддржувач на културата ги поддржавме фестивалот Запознај ја Преспа, филмскиот фестивал Преку езерото кој се одржа од 7ми до 23ти август, Прилеп стрит фуд фестивал, Тиквешки гроздобер 2025, Македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински" Прилеп, Поточиња Детски фестивал во април 2025, фестивалот Весели ѕвончиња во Прилеп, Здружение за култура, уметност и информации Ден и ноќ-Охрид, бевме спонзори на концертот на К-15 организиран во Скопје, спонзориравме снимање на нов филм на Банана филм, Потоа го поддржавме детскиот фестивал К2 Двојче во Охрид, концертот на Вејчеслав Поповски, концертот на Силви Бенд во Охрид, настанот Прошарај на Шар Пчанина, интерактивни активности за деца, фестивалот Силан штркот во Прилеп, голем концерт на аеродромот во Коњари со диџеи, Пастрмајлојадата во Штип и други.

Како што ја поддржуваме културата исто така имаме развиен одговорен однос и кон поп културата. Сите овие активности, кои се посебно во сегментот на културата, попкултурата и општествените настани и нивната поддршка се во насока на дополнителна промоција на корпоративниот бренд, нашите компаниски вредности како и на сите останати брендови на Витаминка.

Витаминка донираше повеќе пати на социјално загрозени семејства, на поединци, на верски објекти, здравствени установи.

Особено сме горди на нашите реализирани донации, и тоа: Донација за Меѓународна школа на млади лидери при Меѓународен центар Алијанса на цивилизациите Скопје, донација

во Општа болница Прилеп, Донација за Евро – Атлантски Совет на Северна Македонија, СОС Детско село Скопје, донација на Брест канцер здружение Марија Провери се Скопје (за Марија Бунда). Донираме и на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија Скопје.

Сите активности што сме избрале да ги поддржиме се одраз на нашиот однос кон заедница, се рефлексија на нашите компаниски, колективни вредности, но исто така и во насока на засилена афирмација и популаризација на нашите производи.

Ние спроведовме серија општествено одговорни иницијативи и проекти, во согласност со нашата долгогодишна пракса и силната компонента на корпоративна општествена одговорност на компанијата.

Направивме придонес за подобрување на животот на децата во СОС Детско село Скопје со донирање на парични средства во висина од 1.000.000 денари преку продажба на нашиот најголем бренд Стоби флипс.

## 14. Осврт на органот на управување кон макроекономските состојби во државата и состојбите во Друштвото

### 14.1. Економскиот амбиент во Република Северна Македонија во текот на 2025 и согледување на светските економски трендови

Економскиот амбиент во Република Северна Македонија во текот на 2025 година се одвива во услови на постепена стабилизација по претходните глобални економски потреси. По периодот на висока инфлација и неизвесност предизвикани од пандемијата и геополитичките конфликти, економијата покажува умерени знаци на закрепнување. Растот на бруто домашниот производ е умерен, поттикнат главно од јавните инвестиции, странските директни инвестиции и постепеното зголемување на домашната потрошувачка.

Инфлацијата, која во претходните години достигна високи нивоа, во 2025 година се стабилизира, но сепак останува чувствителна на движењата на светските пазари, особено на цените на енергијата и храната. Пазарот на труд покажува одредено подобрување, со намалување на невработеноста, но истовремено се соочува со сериозен предизвик – иселувањето на работоспособното население кон земјите од Европска Унија, што создава недостиг на квалификувана работна сила.

Фискалната политика во државата е насочена кон поддршка на економскиот раст преку зголемени капитални инвестиции, иако тоа подразбира одржување на буџетски дефицит и пораст на јавниот долг. Сепак, овие нивоа сè уште се сметаат за контролирани и одржливи.

Од друга страна, економијата на Северна Македонија е силно зависна од глобалните економски текови. Светската економија во 2025 година се карактеризира со забавен раст, како резултат на високите каматни стапки, геополитичките тензии и нарушените синџири на

снабдување. Централните банки, како Европска централна банка, продолжуваат со внимателна монетарна политика со цел да ја задржат инфлацијата под контрола, што директно влијае и врз финансиските услови во помалите економии.

Дополнително, тековните геополитички случувања, како Руско-украински конфликт, имаат значително влијание врз цените на енергенсите и глобалната трговија, што индиректно ја погодува и македонската економија.

Во такви услови, Северна Македонија се соочува со повеќе предизвици, како што се ниската продуктивност, демографскиот пад и зависноста од увоз. Сепак, постојат и значајни можности, особено преку процесот на европска интеграција, развојот на дигиталната економија и зголемената регионална соработка.

Како заклучок, економскиот амбиент во 2025 година е релативно стабилен, но и понатаму ранлив на надворешни влијанија. Идниот економски развој ќе зависи од способноста на државата да ги искористи глобалните трендови и да спроведе структурни реформи кои ќе обезбедат одржлив и инклузивен раст.




***Слика: Движење на стапката на инфлација 2018-2025 Р.С.Македонија***




***Слика: Споредба на стапката на инфлација 2018- 2025 Р.С.Македонија и ЕУ***




***Слика: Бруто домашен производ (во милијарди УСД - $)***

## 14.2. Состојби во Друштвото (осврт на Претседателот на Одбор на директори)

„Витаминка“ ја заврши 2025 год. со позитивен финансиски резултат, за што говорат податоците во прилог:

а). Остварена нето добивка во поединечните финансиски извештаи во висина од: **619.073,00€,**

b). Остварена нето консолидирана добивка (со вклучени резултати од поврзаните друштва) во висина од: 161.528,00€,

c). Вкупните отплати по долгорочни и краткорочни кредити се во висина од: 5,936,471.54 €, инвестициите во основни средства се во износ од 4.786.863 € за разни тековни инвестициони зафати,

d). Состојбата со искористените долгорочни и краткорочни кредити кои „Витаминка“ ги имаше на 31.12.2025 год., пред почетокот на 2026-та година, беше следната:

| | |
|---|---|
| d.1. Долгорочни кредити: | 23.750.180,00€, |
| d.2. Краткорочни кредити: | 4,449.401,00€. |
| d.3. Или вкупно износ од: | 28.199.581,00€. |

Во 2025 год., „Витаминка“ (со „Брилијант“) споредено со 2024год., кредитите се зголемени за 2.797.776,00€.

Состојбата со искористените долгорочни и краткорочни кредити кои „Витаминка“ ги имаше на 31.12.2024 год., беше следната:

| | |
|---|---|
| 1.1. Долгорочни кредити: | 20,997,984,00€, |
| 1.2. Краткорочни кредити: | 4,403,821,00€. |
| 1.3. Или вкупен износ: | 25,401,805,00€. |

е) Финансискиот резултат на „Витаминка“ во 2025 година не беше на нивото на проекциите, слично како и во претходната деловна година. Причините за ваквата состојба се и објективни и делумно субјективни.

Кога дискутираме за објективните причини, доминантно мислиме на комплицираните услови на работење поради воените конфликти во светот, но и нестабилните макроекономски услови и нивното влијание врз цените на енергенсите, суровините и пазарните услови на работење генерално. Во секој случај, во овој дел како поважни би ги одвоиле:

1.1. Континуираниот притисок за раст на минималната плата како законска категорија, наметнат поради инфлациските притисоци и зголемените трошоци на живот на граѓаните, иако ваквиот раст може да се оцени како присилен од аспект на големите потешкотии со коишто се соочува македонското стопанство во тековното работење и неможноста соодветно да одговори на сите притисоци во неизвесното економско опкружување.

1.2. Нестабилноста на цените на какао суровините на светскиот пазар (какао путерот и какао ликерот – масата) кон крајот на 2024 година и во почетокот на првиот квартал од 2025 година доведе до значителен пораст на нивната вредност. Во тој период цените се зголемија повеќекратно, при што набавката на еден LKW какао путер (околу 20 тони) достигна вредност од приближно 500.000 евра. Овој тренд се одрази и врз цените на чоколадото, кои забележаа осетен раст. Иако тоа влијаеше врз намалување на потрошувачката, падот не беше драстичен. Потрошувачите кои имаат навика редовно да консумираат чоколадо продолжија да го купуваат, преферирајќи производи со проверен и висок квалитет. Врз

ваквиот раст на цените на какао суровините силно влијание имаа климатските промени во регионите кадешто истите се одгледуваат. Ваквите случувања поврзани со набавните цени на какао суровините имаат и позитивна страна, така што, на извесен начин, ги принудија производителите на чоколадо да разработуваат методи и технологии за развој на нови какао суровини за производство, што би можело да направи вистинска револуција во светот во оваа област.

1.3. Неочекувано и значајно се влоши работењето на заедничкото друштво "VITAFOOD" во Приштина поради недоволниот пласман на неговите производи на пазарот во Косово (домашен пазар) и во Албанија, а делумно врз тоа влијание имаше и неостварената количинска продажба во однос на планираната на пазарот во Р.М.
1.4. Беше забележана намалена побарувачка на дел од производите од производното портфолио на пазарите во БиХ и Хрватска, доминантно како резултат на одредени активности на конкуренцијата за таквите производи на овие пазари.
1.5. Се соочивме со проблеми поврзани со доцнењето во пуштање во работа на автоматската линија за пакување на кекси од страна на производителот од Германија.
1.6. Одредени комликации беа забележани и во делот на пласманот на производите од новата линија за тортици и мафини, што на извесен начин беше амортизирано во последниот квартал на 2025 година.

f) Во 2025 год. друштвото бележеше и позитивни резултати од работењето во неколку важни области и тоа:

1.1. Со одличен финансиски резултат заврши деловната 2025 година за поврзаното друштво „В-Роуте", друштво за товарен патен транспорт за потребите на матичното друштво, но и за други субјекти во согласност со дејноста.
1.2. Забележан е раст на обемот на остварена продажба на територијата на Србија, како резултат на повеќето преземени мерки и активности за стабилизирање на тој странски пазар.
1.3. Особено важно да се нотира е тоа дека, после повеќе години, негативна работа на поврзаниот субјект „Брилијант" ДООЕЛ, фабриката за производство на сончогледово рафинирано масло во Штип, во 2025 год, може да се оцени како позитивна, а од аспект на обезбедениот сигурен пласман на маслото на пазарите во Косово и Македонија и тоа најмногу во втората половина на таа година, што како тренд продолжува и понатаму.

Врз основа на претходното, постои оптимизам дека деловната активност во 2026 година ќе се задржи на проектираното ниво и ќе бидат забележани подобри резултати во работењето на економско – финансиски план, за што основата е поставена.

g.) Во изминатата 2025 година продолжија активностите со пуштање нови производи во фабриката и тоа:
Brownie Cake up Chocolate, Brownie Salted caramel, Brownie Cherry, Happy Smarties, Bonitas Sour Cream, Bonitas chicken, Loop cale Lemon, Yelly cake peach, Yelly cake Strawberry, Fit in кекси 7 видови, мини кутии Sorry, Sweet Chilli сос, Мустарда сенф 5 кгр., Песто басилико, Житни плочки од Косово Чока Мока, Милкос, Дардо и Џамбо, Кокошкина супа редизајн, Посна супа од печурки редизајн.

h.) Кога станува збор за финансиските аспекти на работењето, друштвото е насочено кон одржувањето на тековната ликвидност и финансиската стабилност на друштвото. Пред сé акцентот е да се обезбеди редовна исплата на обврските по долгорочни и краткорочни кредити од банките за основни средства и обртен капитал. Тековно оваа состојба се надминува и особено фокусот треба да биде на навремена наплата на побарувања од купувачи во земјата и во странство.

Дел од финансиските показатели кои што се однесуваат на кредитите и готовински одливи за инвестиции:

- Износот на исплатените ануитети по земените кредити во 2025 година беше во висина од: 5,936,471.54,00 €.

- Вкупните одливи на финансиски средства за инвестиции во 2025 год. по Годишниот извештај на секторот за Развој и инвестиции и Финансовиот сектор, одливи од сопствени извори и одливи по основ на кредити, се во висина од 4.786.863€.

Во однос на остварените резултати во консолидираните финансиски извештаи, П.И „Витаминка" АД Прилеп во периодот Јануари – Декември 2025 година оствари позитивен финансиски резултат, искажан во неревидираните консолидирани финансиски извештаи за анализираниот период. Работењето во текот на 2025 година се одвиваше во услови на умерена макроекономска стабилизација, постепено олабавување на монетарните политики на централните банки и со изразена нестабилност кај дел од суровините кои се клучни во дејноста во која делува друштвото и неговите поврзани лица.

Остварените консолидирани вкупни приходи во 2025 година изнесуваат 4.813.523 илјади денари и во споредба со остварените во 2024 година бележат раст од 26 %. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество од околу 99% имаат приходите од продажба на производи и услуги од основната дејност, кои во однос на претходната година се повисоки за 25 %.

Растот на приходите е резултат на:

- зголемена продажба на одредени производни категории,
- проширување на извозните пазари,
- подобрена дистрибутивна покриеност,
- стабилизација на побарувачката во услови на умерена инфлација

Остварените консолидирани вкупни приходи во 2025 година изнесуваат 4.813.523 илјади денари, што во споредба со планираните приходи од 5.101.352 илјади денари претставува исполнување од 95% од планот.

Непотполното реализирање на планираните приходи првенствено се должи на зголемените цени на одредени клучни суровини, што создаде дополнителен ценовен притисок врз формирањето на продажните цени на готовите производи на странските пазари.

Предложените повисоки продажни цени не беа целосно прифатени од одредени пазарни сегменти, особено на ценовно сензитивните пазари, што услови потреба од задржување на цените на пониско ниво со цел зачувување на пазарната позиција и долгорочните деловни односи.

Како резултат на ваквата пазарна состојба, во првите месеци од 2025 година беше евидентиран пад на продажбата на клучните извозни пазари, што директно влијаеше врз динамиката на остварување на приходите.

Дополнително, значително влијание врз профитабилноста имаше енормниот раст на цената на суровото какао во текот на првото полугодие од годината, што доведе до зголемување на производствените трошоци и намалување на бруто-маржата кај производите со висока содржина на какао.

Во втората половина од годината беше остварен пораст на продажбата на сончогледово масло за јадење на странските пазари, што делумно го амортизираше неисполнувањето на планираните проекции кај останатите производни категории и придонесе кон стабилизирање на вкупните приходи во завршницата од годината.

Истовремено, Друштвото во целост и доследно ги почитуваше владините мерки за ограничување на маржите кај основните производи. Примената на овие мерки, иако имаше влијание врз профитабилноста на одредени производни линии, беше спроведена во согласност со важечката регулатива, со цел поддршка на стабилноста на пазарот и заштита на потрошувачите.

Согласно последните макроекономски индикатори, инфлацијата во Република Северна Македонија во 2025 година се движеше просечно околу 3–4%, што претставува стабилизација во однос на претходните години со повисоки ценовни шокови. Стапката на економски раст се движеше умерено, под влијание на инвестициите и извозната активност.

**Вкупни расходи**

Остварените консолидирани вкупни расходи во 2025 година изнесуваат 4.765.071 илјади денари и во споредба со 2024 година бележат зголемување од 30%.

Зголемувањето на расходите е во корелација со:

- зголемен обем на производство и продажба,
- повисоки трошоци за одредени суровини (особено какао во првиот дел од годината),
- пораст на трошоците за логистика и работна сила.

Во извештајниот период е остварена добивка по оданочување во износ од 9.934 илјади денари, што претставува намалување во однос на истиот период од претходната година.

**Финансиски аспекти**

Друштвото во текот на 2025 година беше насочено кон:

- одржување на ликвидноста,
- редовна сервисираност на кредитните обврски,
- подобрување на наплатата на побарувањата,
- оптимизација на обртен капитал.

Макроекономското окружување во 2025 година се карактеризираше со:

- умерена инфлација,
- стабилизација на енергетските пазари,
- постепено намалување на глобалните ценовни притисоци,
- зголемена инвестициска активност поддржана од владини и меѓународни финансиски инструменти.

Геополитичките ризици остануваат присутни, особено поврзани со војната во Украина и нестабилноста на Блискиот Исток, што може да влијае врз цените на суровините, транспортните коридори и глобалните синџири на снабдување.

**Очекувања за 2026 година**

И покрај неизвесностите, во 2026 година Друштвото ќе продолжи со:

- реализација на започнатите инвестиции,
- јакнење на извозните активности,
- развој на нови производи,
- вложувања во енергетска ефикасност и зелена транзиција,
- подобрување на оперативната ефикасност,
- издавање на првиот ESG извештај по VSME рамката за известување и продолжување со остварување на зацртаните ESG цели.

Посебен фокус ќе биде ставен на стабилноста на суровинските пазари (особено какаото и сончогледовото масло за јадење), управување со ризици и одржување на финансиска дисциплина.

Силен фокус во работењето во 2026 година ќе биде ставен на развојот на човечките ресурси, со посебен акцент на обезбедување на благосостојбата на вработените на работното место, подобрувањето на условите на работа, безбедноста и здравјето на работните места, задржувањето на квалитетните кадри и профилирањето нови кадри низ процесите на дуално средно стручно образование и стипендирање студенти на техничките факултети.

Со презентираните информации се прави краток осврт на поважните аспекти поврзани со работењето на „Витаминка“ АД и поврзаните друштва во претходната деловна година, но и за нејзината работа во оваа 2025 година.

Датум: 12.03.2026 година

Претседател на Одбор на директори
Симон Наумоски

## Изјава за усогласеност со Кодексот за корпоративно управување

Ние, членовите на Одборот на дикректори на Прехранбена индустрија „ВИТАМИНКА“ АД Прилеп, изјавуваме дека Прехранбена индустрија „ВИТАМИНКА“ АД Прилеп во своето работење го применува Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва на Македонска берза АД Скопје, објавен на интернет страната на Берзата www.mse.mk.

Прехранбена индустрија „ВИТАМИНКА“ АД Прилеп ги применува принципите и најдобрите практики на корпоративното управување предвидени во Кодексот според пристапот „примени или појасни зошто не се применил“, преку пополнување на прашалници чија форма и содржина е пропишана со Кодексот.

Со оваа Изјава потврдуваме дека прашалниците се објавени на СЕИ-НЕТ и на интернет страницата на друштвото www.vitaminka.com.mk и дека одговорите во истите се точни и вистинити и веродостојно ја отсликуваат примената на принципите и најдобрите практики на корпоративното управување од страна на Прехранбена индустрија „ВИТАМИНКА“ АД Прилеп пропишани со Кодексот за корпоративно управување.

Изјавиле:

<u>Одбор на директори:</u>

1. Симон Наумоски, Претседател ____________
2. Сашо Наумоски, Генерален извршен директор ____________
3. Благоја Ѓорѓијовски, Неизвршен член ____________
4. Горан Трајковски, Независен неизвршен член ____________
5. Маја Кадиевска-Војновиќ, Независен неизвршен член ____________